


Една од значајните монографии на Славе Николовски – Катин, секако, е публикацијата за истакнатиот маке-дон-ски фолклорист Георги Томов од Њујорк. Монографијата ***„Томов“*** е луксузно издание на 320 страници на голем формат, илустрирано со бројни фотографии. Рецензенти на ова значајно дело се факултетскиот професор д-р Вера Стојчевска-Антиќ и еден од постојаните членови на ансамблот „Томов“, д-р Кристина Калас.

Оваа значајна и по многу нешта единствена двојазична монографија од овој вид претставува осврт за ликот и делото на Џорџ Томов и за вистината за неговиот американски ансамбл „Томов“ од Њујорк. Делото е сублимат за дваесетгодишниот труд на околу 250 Американци, кои го афирмираат македонскиот и балканскиот фолклор, македонската култура, тради-циите и вистината за Македонија во САД.

Познатиот историчар и аналитичар на иселеништвото Александар Донски, за промоцијата на 17 мај 2007 година, истакнал дека во просториите на Домот на армијата на Република Македонија (АРМ), се одржало претставување на монографијата „Томов“, пред големиот аудиториум, меѓу кои биле поглаварот на МПЦ архиепископот Стефан, митрополитот Кирил, поранешниот претседател Киро Глигоров и многу други познати личности од јавниот, културниот и политичкиот живот во Македонија.

Книгата ја претставиле рецензентот Вера Стојчевска-Антиќ, поранешниот претседател

на Матицата на иселениците од Македонија проф. д-р Димитар Керамичиев и директорот на Националниот ансамбл „Танец“ м-р Бошко Тренески. Притоа, извонредниот и незаборавен настап на машката група на играорците на „Танец“ со древното оро „Тешкото“ бил примен од присутните со возбуда и одушевување.

Исто така, на триесет и четвртите „Љубански илинденски иселенички средби“ во 2007 година продолжиле традициите од предходните години. Тие започнале во „Чивлик“ пред културното љубанско наследство „Воденицата“. Пред големиот број посетители на средбите се одржала промоција на две монографии за македонски иселеници од Америка и тоа: „Светле–Стив Стамевски“ од Детроит и „Ѓорѓи–Џорџ Томов“ од Њујорк, чии автор е Славе Катин.

За делото на Катин посветено на амбасадорот на македонската култура Џорџ Томов од Њујорк, зборувала проф. д-р Вера Стојчевска–Антиќ. За одбележување е тоа што Фолклорниот ансамбл „Томов“ чии членови биле исклучително Американци, кои научиле да играат и пеат македонски ора и песни, во текот на турнејата на Балканот во 1985 година имало значаен и прв настап на друштво од дијаспората на Љубанските иселенички средби.

Монографијата „Томов“ од Славе Катин претставува огледало за познатиот и признат фолклорист, етнолог, кореограф, скулптор, или како често го нарекуваат амбасадор на македонската култура, традициите и вистината за Македонија и македонскиот народ - Ѓорѓи (Џорџ) Томов. Оваа значајна и по многу нешта единствена двојазична монографија од овој вид претставува осврт за ликот и делото на Џорџ и за вистината за неговиот американски ансамбл „Томов“ од Њујорк.

Монографијата е сублимат за дваесетгодишниот труд на околу 250 Американци, кои го афирмираат македонскиот и балканскиот фолклор, македонската култура, традициите и вистината за Македонија во САД. Во исто време монографијата „Томов“ претставува овековечување на Фолклорното друштво „Гоце Делчев“ што е во состав на Македонската православна црква „Свети Кирил и Методиј“ од Сидер Гроув, Њу Џерси, потоа на другите македонски асоцијации, на огромен број личности од македонските колонии, како и на значајни настани и активности на полето на фолклорот, културата и постигну-вањата на национален план на Македонците во Канада и САД.

Во делот насловен како Македонско-американското наследство, дадени се материјали

за Македонија од времето на Александар Македонски до денес и за активностите на Македонците во Њујорк и Њу Џерси. Потоа, во делот за животниот пат на Ѓорѓи Томов, поместени се репортажи за родниот град Струмица, за Скопје и за Њујорк, а е претставен и Џорџ Томов како играорец, кореограф, етнолог, вајар. Посебен простор е даден на материјалите со кои ансамблот „Томов“ за настапите е претставен низ страниците на медиумите во целиот свет, почнувајки од „Њујорк тајмс“ до „Нова Македонија“.

Во Петтиот дел во кој е дадено педесетгодишното творештво се вели дека скромниот Ѓорѓи Томов, меѓу другото, е добитник на највисокото американско признание: „Елис Ајланд“, награда за ширење на македонската култура и збогатување на американската историја - признание што го добиле американски претседатели, конгресмени, глумци, пејачи, спортисти, уметници и други видни личности во САД, потоа наградата „Обединети нации“, за неговиот придонес за зближување на народите, како и многу други значајни награди, пофалници и признанија за фолклорната ризница на ансамблот „Томов“.

Со излегувањето на монографијата „Томов“, авторот Славе Николовски-Катин успеал да го овековечи познатиот и признат Македонец Ѓорѓи (Џорџ) Томов и неговиот американски ансамбл „Томов“ од Њујорк, како и друштвото „Гоце Делчев“ од Њу Џерси. Со тоа Катин успеал од заборав да оттргне една сторија на дел од македонското иселеништво во САД.

Инаку, во порталите „Македонска нација“ и „Македонско сонце“ од Скопје, од монографијата „Томов“ биле печатени четириесеттина продолженија од ова дело, што значеше запознавање со македонските иселеници, особено на културен план.

***Продолжува***



**ДУШАН РИСТЕВСКИ – МАКЕДОН**